РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4644/16
19.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 15.11.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев.

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Луција Луција Ѓурковиќ Додевска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Трајчев бидејќи се наоѓа во странство.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.10.2024 година.
2. Предлог за поведување прекршочна постапка против операторот Тотал ТВ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, за прекршување на член 50 став

3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Неотел од Скопје, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
11. Предлог за донесување на одлука за Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
12. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
13. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
14. Предлог за одобрување на финансиски средства за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
15. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Печатарски услуги.
16. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.10.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Помошник раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права Луција Ѓурковиќ го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против операторот Тотал ТВ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека на 29 октомври оваа година беше извршен контролен надзор врз овој оператор со кој се констатираше дека реемитувал програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Бидејќи претходно при редовен надзор врз овој оператор за

прекршување на истиот член од Законот му беше изречена мерка јавна опомена, сега се предлага да се покрене прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4475/1 од 30.10.2024 на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, на ден 29.10.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Grand", „CNN", „Brazzers", „Reality Kings" и „Red Light" кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од  Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека прекршувањето кај ТВ Клан Македонија е констатирано со редовниот надзор направен во септември оваа година. Спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, овој ТВ сервис во септември кога беше направен надзорот, не ги означи промотивните најави за играниот серијал „Чудесниот доктор" емитувани повеќе пати во текот на денот со сигнализацијата за заштита на малолетните лица. Од овие причини се предлага да се изрече мерка јавна опомена на радиодифузерот со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали ќе се усогласи со законските барања.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4127/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 септември 2024 година, не ги означи промотивните најави за играниот серијал – „Doktori i mrekullive („Чудесниот доктор)" со сигнализацијата за заштита на малолетните лица.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 4, 5, 6 и 8**

Г-дин Петрушевски во консултација со раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска предложи Точките 4, 5, 6 и 8 бидејќи се однесуваат за прекршување на исти член од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица да се образложат во еден вовед и една дискусија а потоа за секој радиодифузер поединечно да се гласа.

Раководителката Јаневска објасни дека прекршувањата се констатирани со редовен надзор направен во септември оваа година. Овие прекршувања се однесуваат на неправилна примена на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетни лица во однос на втората категорија програми. Станува збор за жолтиот круг во кој што има испишан број 8 и знак „+“ и исто така пред почетокот на емитувањето на програмите, кога се апплицира овој знак има и текст кој што освен визуелниот знак е придружени со текст кој што треба да се прочита од водителот на програмата, дека програмата е несоодветна за лица помлади од 8 години. Наведе дека овој проблем подолго се провлекува на некој од медиумите. За ова имаше и претставка во август и затоа на крајот на август на сите телевизии им беше испратен допис со укажување како изгледа визуелниот знак и предупредувачката сигнализација за втората категорија програма и беше побарано сите да се усогласат со изгледот на знакот како што е пропишан во Правилникот. Меѓутоа со надзорот во септември беше констатирано кај овие неколку медиуми дека сè уште знакот не е усогласен со одредбите од Правилникот и од тие причини се констатирани прекршувањата. Кај ТВ Сител е констатирано дека и во најавите за играната програма визуелниот знак не е усогласен со Правилникот и исто така пред почетокот на емитувањето на програмите сигнализацијата не е во согласност со Правилникот. И од овие причини и за ТВ Сител и за сите останати радиодифузери се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор за да се утврди дали ќе се усогласат за законските барања. Ниту еден од радиодифузерите за кои што се предложени мерки нема испратено изјаснување.

Г-дин Фиданоски постави прашање дали за сите радиодифузери што беше направен надзор и што се на Дневен ред исклучиво е проблемот на несоодветна примена на знакот за категоризација согласно Правилникот или според мислењето на Секторот за програмски работи и содржината можеби не е адекватна за категоризацијата на возраста?

Раководителката Јаневска одговори дека ова прекршување е исклучиво за неправилна примена на сигнализацијата. Кај ТВ Клан беше за не користење на сигнализацијата, а доколку имало несоодветно категоризирана програма, тогаш по друг основ ќе се констатира прекршувањето.

Г-дин Петрушевски објасни дека Точките 4, 5, 6 и 8 поединечно ќе ги стави на гласање кои се однесуваат на прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4124/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 2 септември 2024 година, најави и епизоди од повеќе играни серијали беа емитувани со неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+), и тоа:

- Во најавите за играната програма „Брачни игри", „Приказната за Севда", „Девојката од прозорецот", од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програмата класифицирана во втората категорија, недостигаа *бројката „8" и знакот „+"*, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;
- Пред почетокот на емитувањето репризни/премиерни епизоди од играните серијали „Пелин и мед", „Осомничен", „Брачни игри", „Приказната за Севда", и „Девојката од прозорецот", од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаа: *бројката „8"; знакот „+", испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето*, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;
- *Бројката „8" и знакот „+"* недостигаа и во сигнализацијата применета континуирано во текот на емитуваните епизоди.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4126/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20

и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 септември 2024 година, премиерни и репризни епизоди/изданија на ТВ-емисии, со различни медиумски функции, беа емитувани со неправилна примена на сигнализацијата за програма од втора категорија (8+), и тоа:

- Пред почетокот на емитувањето на програмите, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаа: бројката „**8**"; знакот „**+**", испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето - како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата; и
- Бројката „**8**" и знакот „**+**" недостигаа и во сигнализацијата применета континуирано во текот на една епизода / издание.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4125/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 септември 2024 година, премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал „I egri (Yabani)" и премиерната епизода од играниот серијал „Jetë të thyera (Kırık hayatlar)" беа емитувани со неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+). Пред почетокот на емитувањето на епизодите од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаа бројката „8" и знакот „+", како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4122/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 септември 2024 година, најави и епизоди од играниот серијал „Luftëtari (Kızıl Elma)" беа емитувани со неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+), и тоа:

- Во најавите за играната програма, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програмата класифицирана во втората категорија, недостигаат бројката „**8**" и знакот „**+**", како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата;
- Пред почетокот на емитувањето репризни/премиерни епизоди од играниот серијал, од целината на законски пропишаниот изглед на применетата предупредувачка сигнализација за програма класифицирана во втората категорија, недостигаат: бројката „**8**"; знакот „**+**", испишаниот и прочитаниот текст на предупредувањето, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата; и
- Бројката „**8**" и знакот „**+**" недостигаат и во сигнализацијата применета континуирано во текот на емитуваните епизоди

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека спротивно на член 64 став 1 од ЗААВМУ на програмскиот сервис на ТВ21-М на 10-ти септември, во една програма е констатирано емитување на изјава на соговорник, изворно на српски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на македонски јазик, односно на јазиците на кои што согласно дозволата овој радиодифузер треба да емитува програма. Од овие причини се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 10 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот ќе се усогласи со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4095/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 септември 2024 година, во емисијата „Пастел“, изјава на соговорник се емитуваше изворно на српски јазик, без да се обезбеди превод на албански или на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека членот 92 ставовите 1 и 3 од ЗААВМУ се однесуваат на обврската за емитување македонски аудиовизуелни дела. Денот кога е направен надзорот, констатирано е дека ТВ Шења не емитуваше најмалку 30% програма, изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Констатирано е дека тој ден се емитувани 27 проценти и исто така најмалку половина од овој законски минимум од 30% не го емитуваше во периодот од 7 до 19 часот. Констатирано е со надзорот дека му недостигаат 1 час 20 минути и 40 секунди за да го оствари потребниот минимум, за во периодот од 7 до 19 часот. Од овие причини се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4093/1 од 04.10.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ

ШЕЊА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 11 септември 2024 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Помошник раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права Луција Ѓурковиќ го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Неотел од Скопје, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека на 5-ти ноември оваа година беше извршен редовен надзор врз овој оператор со кој се констатираше дека реемитувал програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Врз основа на ова се предлага да се изрече мерка јавна опомена а потоа ќе се спроведе контролен надзор за да се утврди дали операторот постапил по решението.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-4597/1 од 08.11.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 05.11.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Gametoon“ и „MTV Europe“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека со ребалансот нема да се зголемат вкупно планираните расходи само ќе се направи пренамена на средствата по ставки, во вкупен износ од 371.000,00 денари наменети за зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата, во износ од 300.000,00 денари, и зголемување на средства потребни за склучување на договор за јавна набавка на услуга – интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата во износ од 71.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, бр.0501-248/1 од 12.01.2024 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 168.546.961,00 денари.

Со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 371.000,00 денари, наменети за:

- Зголемување на средства за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата, во износ од 300.000,00 денари, и
- Зголемување на средства потребни за склучување на договор за јавна набавка на услуга – интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата во износ од 71.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 12 и 13**

Г-дин Петрушевски во договор со директорот Трајчевски, предложи за Точките 12 и 13 да се даде еден вовед бидејќи се поврзани со Колективниот договор кој се изгласа на една од претходните седници, а потоа секоја од нив да се гласа посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека овие точки произлегуваат од усвоениот и потпишан Колективен договор, односно заради усогласување со неговата содржина и нема никакви други измени надвор од него.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска во врска со Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека основна измена која се прави е начинот на кој што се пресметува платата. Наместо како што беше досега дека платата на

вработените содржи дел на плата за сложеност и одговорност на работното место, дел на плата за образование и дел на плата за минат труд, сега се определува дека основната бруто плата на вработените во Агенцијата ја сочинува просечната бруто плата, коефициент на сложеност на работното место и дел на плата за минат труд. Како резултат наместо бодови се определува коефициент за определување на платата кој вкупен коефициент за плата е сочинет од сложеност и додаток за образование како што е наведено во член 9 од предложениот правилник. Исто така се зголемува и додатокот на плата по основ на работна успешност, до сега беше 20%, сега се определува најмногу до 30%, при што се детално разработени критериумите врз основа на кои ќе се вршат зголемувањата. Во основа се тие измени. Посочи дека овој Правилник ќе стапи на сила од 1 декември 2024. Во врска со Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека извршено е усогласување согласно усвоениот Колективен договор и уште едно усогласување. Искуственото применување е дека планот за користење на годишниот одмор до сега се носеше до мај, што се покажа како не целисходно, па сега се смени до јануари, кога се определува и траењето на годишниот одмор. Основно за Правилникот е дека се зголемуваат критериумите врз основа на кои ќе се врши пресметување на траењето на деновите на годишниот одмор. Вкупниот максимален број кој што може да се добие изнесува 32 дена за разлика од претходниот кога беше 29 дена.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот детално го дискутирал ова на една од претходните седници кога разговарале за Колективниот договор, кој тогаш не беше потпишан. Во меѓу време е потпишан од сите страни, од државниот синдикат, локалниот лидер и директорот на Агенцијата. Се изјасни дека ќе даде поддршка за двете точки и го задржува истиот став затоа што се работи за по поволни услови за вработените. Посочи дека вработените заслужуваат почитување и по добри услови за работа.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст.

*Гласање по Точка 13*

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-1879/1 од 12.03.2015г., арх.бр.01-1879/2 од 31.03.2015г. и арх.бр.01-4549/1 од 17.10.2018г., со текст како што беше предложен.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст.

**Точка 14**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука со која е одобруваат финансиски средства во износ од 23.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на Службен весник на Република Северна Македонија“, за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“, е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.

**Точка 15**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Печатарски услуги. Објасни дека е предвидена во годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2024 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година. Договорот што ќе произлезе ќе се склучи за период од една година. Според износот на средствата ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со објавување на електронскиот систем за јавни набавки. Сите други податоци за точката се доставени во материјалите.

Г-дин Петрушевски рече дека се работи за набавка со предвидени средства од околу 600.000,00 денари без ДДВ.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Печатарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Печатарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 16**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**